# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 15.04.2026 ГОДИНА<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 2026<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на Согласност**
**на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2025 година**

1. Се прогласува Одлуката за давање на Согласност на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2025 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за давање на Согласност на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2025 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/2
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 82/20; 89/22; 274/22; 208/24; 193/25), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24), член 17 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр. бр. 3/11, 17/14,

10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**Одлука за давање на Согласност**
**на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија,, Кривогаштани за 2025 година, која е усвоена со Одлука на Управен одбор на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани бр. 02-33/1 од 25.02.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-494/3 — Претседател на Совет на
14.04.2026 година — Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2026 година бр. 02-152/1 од 02.04.2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2026 година бр. 02-152/1 од 02.04.2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2026 година бр. 02-152/1 од 02.04.2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/3 — Градоначалник на
15.04.2026 година — Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/25), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2026 година бр. 02-152/1 од 02.04.2026 г.**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за 2026 година бр. 02-152/1 од 02.04.2026 г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/4
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/4 Градоначалник на
15.04.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор ,,(Службен весник на РМ,, бр. 27/14, 199/14, 27/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026 година**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 01-479/1 од 02.04.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/5 Претседател на Совет на
14.04.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион**

1. Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/5
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 26 став 3 и 5 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021 и 241/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион**

**Член 1**

Во Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион број 08-1353/9 од 24.12.2021 година (пречистен текст), членот 11 се менува и гласи:

,,Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Пелагонискиот плански регион, се определува на 26 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Пелагонискиот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.,,

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, а ќе започне да се применува од 2027 година.

Бр.08-494/6 Претседател на Совет на
14.04.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/6 Градоначалник на
15.04.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 114 став 8 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ,, бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16, 163/2017; 21/2018; 198/2018; и ,,Службен весник на РСМ,, бр.104/19; 146/19; 275/19; 88/20; 311/20; 294/21; 150/22; 236/22; 236/22; 265/24; 17/25; 132/25), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 17/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се именуваат членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани.

Член 2

Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани се состои од 7 (седум) членови.

Член 3

За членови на Управен одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани се именуваат:

- Димитар Китаноски од Крушево - претставник од основачот;
- Јулијана Мицеска од Обршани - претставник од основачот;
- Викторија Лукароска од Кривогаштани - претставник од основачот.
- Јасмина Мицакоска од Пашино Рувци -претставник од родителите на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани- Општина Кривогаштани;
- Стефани Дунимаглоска од Кривогаштани- претставник од родителите на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани;
- Наташа Колароска - претставник од установата ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани;

Член 4

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општината Кривогаштани,,.

Бр.08-494/7
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за именување на членови на Орган за надзор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на членови на Орган за надзор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за именување на членови на Орган за надзор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/7 — Градоначалник на
15.04.2026 година — Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 131 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ,, бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16, 163/2017; 21/2018; 198/2018; и ,,Службен весник на РСМ,, бр.104/19; 146/19; 275/19; 88/20; 311/20; 294/21; 150/22; 236/22; 236/22; 265/24; 17/25; 132/25), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 17/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Орган за надзор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се именуваат членови на Орган за надзор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани.

Член 2

За членови на Органот за надзор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани се именуваат:

- Кристина Преспаноска од Пашино Рувци-претставник од основачот;
- Јасмина Мулоска Кузманоска од Пашино Рувци-претставник од основачот;
- Кристина Кожеска од Бучин- претставник од основачот.

Член 3

Членовите на Органот за надзор се именуваат за период од четири години.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/8 Претседател на Совет на
14.04.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на членови на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за именување на членови на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/8 Градоначалник на
15.04.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 17 став 2 и 3 и член 17-ѓ став 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ,, бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 275/19, 82/20; 89/22; 274/22; 208/24; 193/25), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се именуваат членови на Управен одбор на ЈП "Пелагонија" Кривогаштани.

Член 2

За членови на Управен одбор на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани се именуваат:

-Сашка Комициоска од Кривогаштани-член
- Кристијан Чагароски од Кривогаштани -ВД член
- Петре Глушески од Обршани-ВД член
- Наталија Везенкоска од Кривогаштани - ВД член
- Теодора Шипинкоска од Бела Црква-ВД член

Член 3

Мандатот на членот на Управниот одбор е за период од 4 години, додека мандатот на ВД членовите е до изборот на членови, но најмногу 6 месеци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-494/9
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/9 | Градоначалник на
15.04.2026 година | Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ,, бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ„ бр. 275/19, 82/20; 89/22; 274/22; 208/24; 193/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**О Д Л У КА**
**за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани**

Член 1

За членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани се именуваат:

-Кристијан Момироски од Кривогаштани-член
-Александра Јанческа од Боротино-ВД член
-Елеонора Рујаноска од Кривогаштани- ВД член

Член 2

Одборот има задача да врши контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани.

Член 3

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е за период од 4 години, додека мандатот на ВД членовите е до изборот на членови, но најмногу 6 месеци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-494/10
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди во Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди во Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди во Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/10
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на Член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанијата и наградите кои ги доделува Општина Кривогаштани.

Член 2

Општина Кривогаштани ги доделува следните признанија и награди:

1.Општински признанија;

2.Награда за првенец на генерација во основните училишта;

3.Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари;

4.Награда за постигнати врвни спортски резултати;

5.Награда за верскиот празник “Богојавление-Водици”;

## II.НАЧИН, УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ

**Општински признанија**

Член 3

Општина Кривогаштани доделува признанија за особени постигнувања од областа на стопанството, науката, уметноста, културата, воспитувањето и образованието, здравствената и социјална заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на општината и нејзината афирмацијата во Република Северна Македонија и во светот.

Член 4

Признанијата се доделуваат во форма на плакети и благодарници.

Член 5

Плакетата се доделува на поединци и правни лица од Општина Кривогаштани од Републиката и од странство, како и на странски меѓународни организации.

Член 6

Благодарницата се доделува на поединци и правни лица за успешно остварени активности и заедничко ангажирање во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за општината.

Член 7

Признанијата ги доделува Градоначалникот на Општина Кривогаштани во текот на целата година по одредени поводи и настани организирани од општината.

**Награда за првенец на генерација во основните училишта**

Член 8

Наградата за првенец на генерација се доделува на најдобрите прогласените ученици во IX одделение во ООУ “Манчу Матак”Кривогаштани и ООУ “Јонче Смугрески” Обршани на крајот на учебната година.

Наградата се состои од книга-енциклопедија.

Постапката за избор на најдобрите прогласени ученици во IX одделение ја спроведуваат ООУ “Манчу Матак” Кривогаштани и ООУ “Јонче Смугрески” Обршани.

Општина Кривогаштани поднесува писмено барање до основните училишта за достава на податоци за извршениот избор.

Согласно добиените податоци Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесува решение за доделување на наградата.

**Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари**

Член 9

Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари се доделува на ученици во основните училишта кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од Министерство за образование и наука или Биро за развој на образованието како и од реномирани меѓународни натпревари.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот 1 на овој член е во износ од:

-7000 денари за освоено прво место

-4000 денари за освоено второ место

-3000 денари за освоено трето место

Наградата се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајани резултати на државни и меѓународни натпревари во текот на учебната година.

Со поднесувањето на барањето подносителот доставува доказ фотокопија од диплома за освоената награда од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Барањето за остварување на правото на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари се поднесува најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организиран натпреварот.

Решение за доделување на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари донесува Градоначалникот на Општина Кривогаштани.

**Награда за постигнати врвни спортски резултати**

Член 10

Наградата за постигнати врвни спортски резултати се доделува на спортски здруженија во поединечни и екипни натпревари кои освоиле прво, второ и трето место на официјални државни и реномирани меѓународни натпревари.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда е во износ од:

-10000 денари за освоено прво место

-7000 денари за освоено второ место

-4000 денари за освоено трето место

Наградата се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати врвни спортски резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година.

Барањето здружението го доставува до архивата на Општина Кривогаштани најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организиран натпреварот.

Барањето може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено спортското здружение.

Во прилог на барањето потребно е да се достави доказ, тековна состојба од спортското здружение не постара од 6 месеци и фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар.

Решение за доделување на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари донесува Градоначалникот на Општина Кривогаштани.

**Награда за верскиот празник “Богојовалеие-Водици”**

Член 11

Наградата по повод верскиот празник “Богојавление-Водици” се доделува традиционално секоја година на лицето кое ќе го фати Светиот Крст кој што се фрла во населените места во Општина Кривогаштани.

Наградата од став 1 се состои од пригоден подарок во вредност до 9.000 денари.

**III.КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ**

Член 12

Постапката за предлагање и утврдување на предлози по поднесени барања за доделување на награди и признанија ја спроведува Комисијата за доделување на награди и признанија.

Член 13

Комисијата за доделување награди и признанија ја формира Градоначалникот на Општина Кривогаштани со решение од редот на вработените во општинската администрација.

Член 14

Комисијата ги разгледува поднесените барања и констатира дали барателите ги исполнуваат условите за доделување на награда односно признание согласно одредбите од овој правилник и донесува предлог до Градоначалникот на Општина Кривогаштани за бројот и паричниот износ на наградите.

Член 15

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи Претседател на Комисијата.

Член 16

Седниците на Комисијата се одржуваат по потреба и за текот на седниците се води записник.

Член 17

По доставувањето на предлогот Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесува Решение за одборување или одбивање на барањето за доделување на награда или признание.

**Средства за наградите и признанијата**

Член 18

Средства за признанијата и наградите од член 2 на овој Правилник се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кривогаштани.

**IV.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 19

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Весник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/11 Претседател на Совет на
14.04.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/11
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се става вон сила Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-345/11 од 13.03.2026 година донесена од Советот на Општина Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/12
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/12
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 08-494/13
14.04. 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 0801
Рок на чување ТРАЈНО
Потпис.
20 год.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ 202/24), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21 и 3/25) и член 17 ст.1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (Службен гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Советот на Општина Кривогаштани на 10-та седница одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

## за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| 741114 Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 1.559.133 | 0 | 0 |
| | 0 | 1.559.133 | 0 | 0 |

и се распредуваат на следните расходни потаставки :

| | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 214.133 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 421310 | Пошта | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423320 | Обувки | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува• S резервни делови, гуми) | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравстевени услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 410.000 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 60.000 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0 | 1.559.133 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавување во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,

Бр.

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/13
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се става вон сила Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-345/10 од 13.03.2026 година донесена од Советот на Општина Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/14
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/14
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

15

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ 202/24), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21 и 3/25) и член 17 ст.1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (Службен гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Советот на Општина Кривогаштани на 10-та седница одржана на ден 14.04. 2026 година донесе

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 0801
Рок на чување ТРАЈНО
2026 год. Потпис.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 08-494/15
14.04. 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

# О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| E00 | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -1.370.043 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | -141.957 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -394.800 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | -157.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | -10.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | -75.200 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | -110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 95.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F20 | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| J30 | ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| J60 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА УЛИЦ | | | | | |
| 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавување во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,

Бр.

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ„ бр.5/02 и „Службен Весник на РСМ„ бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Кривогаштани и Општина Крушево**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Кривогаштани и Општина Крушево што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 14.04.2026 година.

2. Одлуката за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Кривогаштани и Општина Крушево ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-521/15
15.04.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ„ бр.79/09 и „Службен весник на РСМ„бр.241/24) и член 36 став 1 точка 16 од Законот за локалнта самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 14.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Кривогаштани и Општина Крушево**

Член 1

Советот на Општина Кривогаштани го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот на Општина Кривогаштани бр.09-517/1 од 14.04.2026 година, за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Крушево за извршување на работи од надлежност на одделението за урбанизам

и заштита на животната средина, како издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичко плански документации.

Член 2

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од надлежност на одделението за урбанизам и заштита на животната средина како издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичко плански документации од страна на една општина за друга општина.

Член 3

Утврдениот предлог од член 1 ќе се достави до Општина Крушево за утврдување.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-494/16
14.04.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 10-та седница на Советот на Општина Кривогаштани одржана на ден 14.03.2026 година и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани на ден 15.04.2025г.**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2025 година, ..............................................1

-Одлука за давање на Согласност на Годишната сметка на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2025 година,.................................................................................... 1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување на ООУ ,,Манчу Матак,, за 2026г.,.................................2

- Одлука за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување на ООУ ,,Манчу Матак,, за 2026г.......................................................................................3

3. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026г.,......3

- Одлука за давање на согласност на Годишен план за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кривогаштани за 2026г.,...............................................................4

4. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион,....................................................................4

- Одлука за изменување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион,...........................................................................................................5

5. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ-Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани,...6

- Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ-Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани,.................................................7

6. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови на Орган за надзор на ЈОУДГ-Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани,..........................................................................................................................8

- Одлука за именување на членови на Орган за надзор на ЈОУДГ-Детска градинка ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани,...............................................8

7. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови во Управен одбор на ЈП,,Пелагонија Кривогаштани,.............................................................................9

- Одлука за именување на членови во Управен одбор на ЈП,,Пелагонија Кривогаштани,..........................................................................................................10

8. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани,..........................................................................................................11

- Одлука за именување на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани,...............................................11

9. Заклучок за прогласување на Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди во Општина Кривогаштани,............12

- Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди во Општина Кривогаштани,..............................................................13

10. Заклучок за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-345/11 од 13.03.2026 година,....................................................................................17

- Одлука за ставање вон сила на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-345/11 од 13.03.2026 година,.17

11. Заклучок за прогласување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,..........................................................18

- Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година......................................................................................................................19

12. Заклучок за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-345/10 од 13.03.2026 г...................................................................................21

- Одлука за ставање вон сила на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-345/10 од 13.03.2026 г............21

13. Заклучок за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,............................................................22

- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,...................................................................................23

14. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Кривогаштани и Општина Крушево..........................................................................................................................24

- Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Кривогаштани и Општина Крушево............................................24

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**